# Водич за Водач

## *Како Да Го Користиш Ова Библиско Проучување*

Ова Библиско проучување им дава на водачите алатки со кои можат да ја водат нивната група низ себе вложувачко и интерактивно проучување. Едноставноста и длабочината на овие проучувања ги охрабрува луѓето од сите возрасти и без разлика на степенот на нивната вера да го проучуваат Писмото индивидуално и во групи.

Проучувањето е секојдневен водич преку кој учесниците можат да го завршат дадениот Библиски стих во подготовка за следното неделно состанување со својата група.

Учесниците го читаат дадениот дневен пасус секој ден, се молат за разбирање и ги одговараат дадените прашања. Секој ден Духот Свети им открива и придонесува подлабоко значење на стиховите. Учесниците учат како активно да го проучуваат Зборот Божји , лично откривајќи и применувајќи ги Божјите вистини, користејќи го следново едноставно Библиско проучување:

- **Набљудување**
  Што вели Писмото?
  Што е главната идеја?
- **Значење**
  Што значи Стихот?
  Кои се важните зборови,фрази и вистини?
- **Апликација**
  Како ме води Светиот Дух во користење на овие стихови во мојот живот?

## *Како Да Започнеш Група за Библиско Проучување*

Ние веруваме дека Бог сака те користи, во местото каде што живееш, работиш, и се движиш за да оствари добра промена за вечност. За да започнеш, еве три лесни чекори:

# 1. МОЛЕЊЕ

*... Се започнува со молитва и лични врски.*

**МОЛИТВА**

- Моли се со пријател кој ќе ти помогне да ја започнеш групата за Библиско проучување.
- Редовно можете се заедно. Запрашај го Бог за неговиот план и насока.
- Моли се додека си на прошетка во твојата околина. Замоли го Бог да те заштити и благослови.
- Моли се за луѓето по име. Замоли го Бог за можност да ги запознаеш, да се грижиш за нив и да им служиш. Дела на отворено срце кое гради другарства.
- Моли се за нив, да би имаале интерес во проучување на Библијата.

# 2. ПОВРЗУВАЊЕ

*... најдете ги оние кои се заинтересирани*

**ОРГАНИЗИРАЈ ЗАЕДНИШТВО**

- Одбери дата, време и место.
- Направи листа на луѓе кои сакаш да ги поканиш.
- Моли се и покани ги.
- Планирај да послужиш освежувачки пијалак ако сакаш.
- Направи список со прашања за разговор или планирај "запознај се" активности за време на дружењето.

**ВОДИЧ ЗА ДРУЖЕЊЕ**

- Послужи кафе, чај и грицки ако сакаат.
- Претставете се и започнете да се запознавате едни со други (користи прашања и активности) и дај им време да уживаат разговарајќи.
- Кога се приближува крајот на дружењето кажи нешто слично на следново: *"Баш си поминавме убаво заедно. Би сакала да овозможам безбедна средина и грижлива заедница каде група од нас може да ја проучуваме Библијата заедно, откривајќи што не поучува и што и како е слично на нас во нашите животи. Ве молам дајте ми на знаење ако се заинтересирани."*

# 3. ВОДЕЊЕ

*...сега започни.*

- Данлодирај го и испринтај го Водичот за проучување за секоја личност.
- Одбери едно од 4-те комплети на предложени ракописи на тој Водич за проучување Библиско проучување.
- На учесниците ќе им треба по една тетратка како би ги запишале одговорите на секојдневните прашања.

## ***Како Да Ја Водиш Групата за Библиско Проучување***

5-Дневните Библиски Проучувања се дизајнирани да охрабрат на цело групно учество, учење и споделување.

Започни со кратка молитва.

- Прочитај ја воведна приказна за ДОВЕРБА подолу, во која е објаснета темата на проучувањето.
- Запрашај некој да го прочита дадениот Библиски пасус.
- Води дискусија следејќи ги дневните прашања од Водичот за Проучувањето.
- Не се плаши од тишината додека го чекаш одговорот. Целта е дискусија, не е водачот да ги одговара групните прашања.

За да се има ефект во дискусијата важно е да редовно ја потсетуваме групата со некои помошни упатства :

- Зборувај гласно како би можеле сите да те слушнат.
- Одговарајте со кратки искази, не долги приказни.
- Држи ја дискусијата центрирана кон Христос и Библијата.
- Биди фокусиран и избегнувај контроверзни теми.

Увери ја твојата група дека Светиот Дух ќе се држи на својот збор, и ќе учествува во животот на секој учесник, додека тие се на ова патување со Бог, и ќе им покаже што Тој лично посакува тие да знаат и како да го применат тоа во својот живот.

- На крајот на Библиското Проучување, споделите ги стиховите за следното неделно проучување.
- Охрабрете ги учесниците во групата да поканат пријател на проучувањето кога се во можност. Ова гради гостопримлива средина и грижлива заедница.
- Завршете со кратка молитва.

Додатни прашања со кои би го збогатиле проучувањето:

- Што друго научивте денес од Бог?
- Дали би можеле да го објасните вашиот одговор подетално?
- Дали некој има нешто да додаде на овај одговор?
- Што најмногу ви остави впечаток во овие стихови?

**Вовед:**
Довербата е одлука. Не е пасивна, туку е активна. Довербата е сигурна послушност на Божјиот збор низ сите околности во животот. Бог зборува, а ти слушаш, Му веруваш и си му послушен/на!

На пример, некој можеби ќе рече, „ Јас верувам дека оваа храна не е отровна.“ Но, ако личноста одбие да ја земе и да ја јаде таа храна, што таа личност кажува преку нејзините дела? Многу е лесно да се каже „ Да, јас имам доверба во Бог. Неговиот Збор е вистинит.“ Секогаш постои избор, а во тоа е вклучено и активно делување кое всушност ни покажува дека личноста навистина верува во она во што таа вели дека ја има ставено својата доверба.

Еден вистински пример на таква доверба беше илустриран во изведбата на Чарлс Блондин, кој беше познат по неговото чекорење на јаже. Тој беше првиот човек кој ги помина Нијагарините водопади чекорејќи на јаже долго околу 400 метри, а поставено 49 метри над водата. Откако ги помина водопадите без да гледа, заврзан со марама преку очите, додека во исто време во рацете туркаше количка на тркала, одејќи на вискои штаки, Блондин праша колкумина од оние кои го

гледаат, веруваат дека тој може да пренесе човек со него на другата страна. Мноштвото гледачи почнаа да му аплаудираат и со тоа потврдија дека веруваат во неговата вештина. Тогаш Блондин побара од публиката да се пријави некој волонтер. Веднаш публиката замолкна и никој не се пријави. Беше лесно публиката да искаже дека верува со тоа што му даде аплауз на Блондин. Но, во суштина никој немаше доверба во него која што беше доволна за некој да истапи напред и да го направи тој чекор.

Во Матеј 8:5-13, се раскажува за тоа како Исус беше воодушевен од едноставната, но длабока вера на еден римски офицер. Кога Исус предложи да оди дома со него и да го исцели неговиот слуга, римскот офицер ги искажа овие зборови: „ Господи, само кажи еден збор и мојот слуга ќе оздрави. Зашто и јас сум човек повластен, а имам и потчинети војници; па кога ќе му речам на еден од нив, 'Оди,' и тој оди, а на другиот, 'Дојди,' и тој доаѓа."

Кога Исус го слушна тоа, се воодушеви и им рече на оние што врвеа по Него: „Вистина ви велам: никаде во Израилот не најдов толкава вера." Исус му кажа на римскиот офицер: „Оди си, и како што си поверувал, нека ти биде." И неговиот слуга во истиот час оздраве.

Исто како што римскиот војник имаше доверба во Исусовиот Збор, така и ова библиско проучување кое е насочено кон Христовото Евангелие, ќе ги поттикне сите членови на твојата група да ја стават својата доверба во Бог и во неговиот Збор и да ги живеат своите животи согласно со Неговиот Збор.

NBS2GO
*ДОВЕРБА* © 2017 NBS2*GO*. Сите права се задржани. Во оригиналот издадено на англиски како *TRUST* © 2016 NBS2*GO*.
Преведено и културолошки адаптирано од NBS2*GO*. http://www.nbs2go.com/